ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 02/24



12.01.2024 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научна област „Применета математика и математичко моделирање“ (10912-Фраскатиева класификација) на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје**

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје, на 269-та седница, одржана на ден 10.01.2024 година, донесе Одлука за формирање на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање асистент, за наставно-научна област „Применета математика и математичко моделирање“ (10912-Фраскатиева класификација), во состав:

1. Редовен професор д-р Ирена Стојковска – претседател;
2. Вонреден професор д-р Анета Гацовска-Барандовска – член;
3. Доцент д-р Маја Саревска – член.

По направената анализа на доставените материјали, Рецензентската комисија има чест до Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје да го поднесе следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на соработник во соработничко звање асистент, за наставно-научна област „Применета математика и математичко моделирање“ (10912-Фраскатиева класификација) на Факултетот за информатика, во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Стефан Мирчевски.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-1155/1 од 29.12.2023 година и приложените документи: Професионална биографија (CV), Уверение за завршен I и II циклус студии, Диплома за стекнат степен магистер по математички науки и примени, Уверение за државјанство, Уверение за познавање англиски јазик и список на објавени научни и стручни трудови и по 1 /еден/ примерок од истите, Рецензентската комисија го констатира следното:

### 1. Подобност на кандидатот

Кандидатот м-р Стефан Мирчевски ги исполнува критериумите предвидени согласно Законот за високото образование, бидејќи:

- има стекнато научен степен магистер од соодветната област;
- има објавено научни и стручни трудови и публикации соодветни на звањето во кое се врши избор;
- има способност за изведување на високообразовна дејност.

### 2. Биографски податоци за м-р Стефан Мирчевски

Кандидатот м-р Стефан Мирчевски е роден на 07.05.1997 година во Битола. Основно образование завршил во ОУ „Браќа Миладиновци“ во 2011 година, а средно образование завршил во СОУ „Крсте Петков Мисирков“ во 2015 година во Демир

Хисар, со континуиран одличен успех. На Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје дипломирал на насоката математичка економија на 18.10.2019 со просечна оценка 8,71 со одбрана на дипломската работа со наслов *„Системи за масовно опслужување од типот M/M/n“* под менторство на проф. д-р Ирена Стојковска и се стекнал со стручниот назив *дипломиран математичар-инженер по математичка економија.* На 16.05.2023 ја одбранил својата магистерска работа со наслов *„Стохастички модели на залихи со непрекинато следење на нивото на залихи“* изработена под менторство на проф. д-р Ирена Стојковска на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, на насоката математички науки и примени и се стекнал со научниот назив *магистер по математички науки и примени.* Студиите ги завршил со просечен успех 9,80.

Во академската 2023/2024 година се запишал на трет циклус (докторски) студии по Информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, под менторство на проф. д-р Верица Бакева Смиљкова.

Своето прво работно искуство како професор по математика го остварува во СЕПУГС „Васил Антевски Дрен“ во Скопје во периодот од февруари до март 2020 година. Понатаму следуваат ангажмани во високото образование каде што се вклучува во наставно-образовниот процес од 01.10.2020 година на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, каде што бил ангажиран до 01.10.2023 година како демонстратор за одржување аудиториски вежби од повеќе математички предмети. Паралелно, почнувајќи од 01.10.2021 па до денес, ангажиран е како демонстратор и на Катедрата за математика и информатика при Градежниот факултет во Скопје. Во целокупниот наставен ангажман кандидатот м-р Стефан Мирчевски покажува голем интерес, односно активно учествува во наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност.

**Наставно-образовна дејност**

Кандидатот м-р Стефан Мирчевски, во изминатиот период како демонстратор на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје, одржувал аудиториски вежби на I /прв/ циклус студии по предметите: Алгебарски структури, Линеарна алгебра, Векторски простори, Финансиска математика, Операциони истражувања, Математика 1 (хемичари) и Математика 2 (хемичари). На Катедрата за математика и информатика при Градежниот факултет во Скопје одржува аудиториски вежби по предметите: Математика 1, Математика 2, Основи на веројатност и статистика на I /прв/ циклус студии и Одбрани поглавја од математика на II /втор/ циклус студии.

Кандидатот м-р Стефан Мирчевски секогаш навреме, квалитетно, совесно и крајно професионално ги извршувал обврските за кои бил ангажиран. Во изминатиот период тој успешно им ги пренесувал знаењата, вештините и искуствата на студентите од математичките области за горенаведените предмети, едновремено постапувајќи со нив коректно, професионално, притоа вреднувајќи и поттикнувајќи ги да спроведуваат индивидуални истражувања, да продолжат со ист интензитет да спознаваат нови работи по наставните предмети преку читање на секундарна стручна литература и анализирање на случаи од практична природа.

**Научно-истражувачка дејност**

М-р Стефан Мирчевски покажува голем интерес за научно-истражувачка и научно-популарна дејност уште од почетокот на неговото студирање, па сé до денес. Како резултат на тоа, има одржано 13 предавања на семинари, конференции, симпозиуми и конгреси од теориска и применета математика, како и од наставата по математика.

***Листа на одржани предавања***

1. XIII Symposium 'Mathematics and Applications', University of Belgrade, Faculty of Mathematics, December 1-2, 2023, Belgrade, Serbia
   **S. Mirchevski**, V. Bakeva, *Characteristics of the cost function for a class of single-server queueing systems with k phases of customer service.*
2. Четврта Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 24-26 ноември 2023, ПМФ, Скопје, Р. Македонија
   **С. Мирчевски**, З. Мисајлески, Д. Велинов, *Предизвици и придобивки од подготвителната настава по математика на Градежниот факултет во Скопје.*
3. VII Macedonian Mathematical Congress, June 27-30, 2023, Struga, Macedonia
   **S. Mirchevski**, I. Stojkovska, *Sensitivity analysis of stochastic (s,S) inventory model with Poisson demand process and exponential lifetimes.*
4. Шести семинар „Математика и примени", 17 март 2023, ИМ, ПМФ, Скопје, Р. Македонија
   **С. Мирчевски**, Г. Николовска, *Математичка заднина на управување со проект: PERT/CPM методи за анализа на време и време-трошок на активности.*
5. Workshop 'From Theory to Problem Solving: Promoting Mathematics in Academic Studies in North Macedonia', October 12-13, 2022, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, Skopje, Macedonia
   **S. Mirchevski**, *M/M/n queueing systems with full cancelation to customers.*
6. Трета Меѓународна конференција за образованието по математика, физика и сродни науки, 6-8 мај 2022, ПМФ, Скопје, Р. Македонија
   В. Миовска, А. Гацовска-Барандовска, Д. Лешковски, **С. Мирчевски**, *Најчести грешки и математички заблуди кај студентите од прва година на техничките факултети во средношколски задачи.*
7. Петти семинар „Математика и примени", 5-6 март 2021, ИМ, ПМФ, Скопје, Р. Македонија (online)
   **С. Мирчевски**, П. Соколоски, *Онлајн настава по математика во високото образование – предизвик и искуства* (презентирано од П. Соколоски).
8. Петти семинар „Математика и примени", 5-6 март 2021, ИМ, ПМФ, Скопје, Р. Македонија (online)
   **С. Мирчевски**, *Некои особини на системите за масовно опслужување M/G/1 – опис на моделот со помош на вгнездени Маркови вериги.*
9. Студентска конференција на младите уметници и научници СКУН, 13-14 октомври 2020, Скопје, Р. Македонија (online)

**С. Мирчевски**, *Две карактеристики на едноканален систем за масовно опслужување со приоритет на опслужување и селективен отказ на клиенти.*

10. Четврти семинар „Математика и примени“, 13-14 декември 2019, ИМ, ПМФ, Скопје, Р. Македонија

    **С. Мирчевски**, *Техники за генерирање случајни променливи во системи за масовно опслужување од типот M/M/1.*
11. Манифестација „Ноември-месец на науката“, 17 ноември 2018, ПМФ, Скопје, Р. Македонија

    **С. Мирчевски**, *Линеарно програмирање-од настава до секојдневие.*
12. Спортско-научна манифестација 45. Приматијада, 27 април – 2 мај 2018, Будва, Црна Гора

    **С. Мирчевски**, *Математички модел за сместување патници во авион. Примена на мешано целобројно програмирање.*
13. Прв семинар „Математика и примени“, 14 декември 2016, ИМ, ПМФ, Скопје, Р. Македонија

    **С. Мирчевски**, *Големата теорема на Ферма.*

М-р Стефан Мирчевски е автор на вкупно 14 трудови (2 се во фаза на објавување и 2 се прифатени за објавување), од кои: 5 научни трудови во меѓународни списанија и зборници на трудови од меѓународни академски собири со меѓународен уредувачки одбор; 5 научно-популарни трудови во зборници на трудови на високообразовна установа; 2 научно-популарни статии во стручно-методско списание и 2 информативни електронски статии. Тој е главен уредник и на еден електронски Зборник на трудови од студентска конференција одржана во октомври 2020 година.

***Листа на научни и научно-популарни трудови***

1. **S. Mirchevski**, V. Bakeva, *Cost function analysis of a single-server queueing system with Poisson input stream and Erlang-k service time*, Applied Mathematics and Computation (Elsevier Inc., **IF 2023 = 4**) **(under review)**.
2. **S. Mirchevski**, I. Stojkovska, *Sensitivity analysis of stochastic (s,S) inventory model with Poisson demand process and exponential lifetimes* **(submitted).**
3. **S. Mirchevski**, *Heuristic strategy for the study of geometric probability at faculties of natural sciences, mathematics and technology,* International Journal of Recent Research in Arts and Sciences, Vol. 11, No. 2 (2020), pp. 128-144. (ISSN: 1857-8128).
4. **С. Мирчевски**, З. Мисајлески, Д. Велинов, *Предизвици и придобивки од подготвителната настава по математика на Градежниот факултет во Скопје*, Зборник на трудови од меѓународната конференција за образование по математика, физика и сродни науки, Издание: ПМФ, СММ, ДФРМ во Скопје (2024) **(прифатен)**
5. В. Миовска, А. Гацовска-Барандовска, Д. Лешковски, **С. Мирчевски**, *Најчести грешки и математички заблуди кај студентите од прва година на техничките факултети во средношколски задачи*, Зборник на трудови од меѓународната

конференција за образование по математика, физика и сродни науки, Издание: ПМФ, СММ, ДФРМ во Скопје, стр. 252-259 (2022).

6. **С. Мирчевски,** Г. Николовска, *Математичка заднина на управување со проект: PERT/CPM методи за анализа на време и време-трошок на активности*, Научно-популарни трудови од Шестиот семинар „Математика и примени", Математички омнибус 11 (2023) **(прифатен)**
7. **С. Мирчевски,** *Техники за генерирање случајни променливи во системи за масовно опслужување од типот M/M/n*, Научно-популарни трудови од Четвртиот семинар „Математика и примени", Математички омнибус 7 (2020), стр. 63-80.
8. **С. Мирчевски**, М. Димовски, *Феноменот „Пропаст на коцкарот" и случајното талкање*, Научно-популарни трудови од Четвртиот семинар „Математика и примени", Прилог, Математички омнибус 7 (2020), стр. 155-169.
9. **С. Мирчевски**, *Математика за економисти-трајни недостатоци, конфузии и енигми*, Трудови за наставата по математика од Четвртиот семинар „Математика и примени", Прилог, Математички омнибус 8 (2020), стр. 93-106.
10. **С. Мирчевски**, *Големата теорема на Ферма*, Научно-популарни трудови од Првиот семинар „Математика и примени", Математички омнибус 1 (2017), стр. 21-32.
11. **С. Мирчевски**, *Тајната на шематскиот приказ – игра или алгебра?*, Нумерус год. 48 (4), 2022/2023, стр. 1-6.
12. **С. Мирчевски**, *Марија Ањези - симбол за генијалност без популарност*, Сигма год. 41 (3) 120, 2020/2021, стр. 19-24.
13. **С. Мирчевски**, *Студентите-математичари на студентската конференција на младите уметници и научници СКУН 2020 година*, Портал ПОИМ на Институтот за математика, ПМФ, Скопје, 23 март 2021.
14. **С. Мирчевски,** *45. Приматијада (27.4.2018-2.5.2018) Будва, Црна Гора*, Портал ПОИМ на Институтот за математика, ПМФ, Скопје, 10 мај 2018.
15. **С. Мирчевски** (уредник), *Зборник на трудови од Студентската конференција на младите уметници и научници СКУН,* Технолошко-металуршки факултет, Скопје, 2021 (електронско издание).

**Стручно-апликативна дејност**

Почнувајќи од април 2017 година, па сé до денес, кандидатот м-р Стефан Мирчевски активно е вклучен во работата на Сојузот на математичари на Македонија. Непрекинато до денес е член на комисии за прегледување задачи и спроведување на натпреварите по математика за основно и средно образование и тоа, заклучно со јуни 2023 година, бил член на 15 комисии за средно образование и 8 комисии за основно образование. Исто така, од октомври 2021 година е член на уредувачкиот одбор на популарното математичко списание „Нумерус" за основно образование. Во јуни 2022 бил дел од спроведувањето подготвителна настава за избор на репрезентација за Меѓународна економска олимпијада.

Во текот на своето школување, кандидатот бил вклучен и во организација на неколку настани организирани од Институтот за математика при ПМФ во Скопје, Сојузот на математичари на Македонија и Факултетското студентско собрание при ПМФ во Скопје.

***Организација на настани***

1. Шести семинар *„Математика и примени"*, 17 март 2023, Скопје, Р. Македонија, организиран од Институт за математика, ПМФ (Соработник).
2. Есенска математичка школа, 15.10.2022-3.12.2022, ПМФ, Скопје, Р. Македонија, организирана од Сојуз на математичари на Македонија (Соработник).
3. *Студентска конференција на младите уметници и научници СКУН*, 13-14 октомври 2021, Скопје, Р. Македонија, организирана од Природно-математички факултет, Технолошко-металуршки факултет и Факултет за ликовни уметности (Организационен одбор).
4. Петти семинар *„Математика и примени"*, 5-6 март 2021, Скопје, Р. Македонија, организиран од Институт за математика, ПМФ (Соработник).
5. *Студентска конференција на младите уметници и научници СКУН*, 13-14 октомври 2020, Скопје, Р. Македонија, организирана од Природно-математички факултет, Технолошко-металуршки факултет и Факултет за ликовни уметности (Организационен одбор).

М-р Стефан Мирчевски во својата апликативна дејност има неколку учества на работилници и школи за математичари, од кои на едната работилница има одржано предавање од применета математика.

***Работилници и школи***

1. Летна школа за идни СТЕ(М) лидери ('Summer School for Future STE(M) Leaders'), 15-20 септември 2023, организирана од Универзитетот во Црна Гора, Петровац, Црна Гора (учесник).
2. Втора работилница „Од теорија до решавање проблеми: промоција на математиката во академските студии во Р. Македонија" ('From Theory to Problem Solving: Promoting Mathematics in Academic Studies in Macedonia'), 6 април 2023, организирана од Градежен факултет, УКИМ, Скопје (учесник).
3. Прва работилница „Од теорија до решавање проблеми: промоција на математиката во академските студии во Р. Македонија" ('From Theory to Problem Solving: Promoting Mathematics in Academic Studies in Macedonia'), 12-13 октомври 2022, организирана од Факултет за електротехника и информациски технологии, УКИМ, Скопје (предавач).
4. Онлајн работилница „Виртуелна студиска група за ризик по животната средина по Ковид 19" ('Environmental Risk Post COVID 19 Virtual Study Group'), 29 јуни – 1 јули 2022, организирана од Институт за математички иновации, Универзитет во Бат, Англија (учесник).

**Технички вештини**

За потребите на досегашните истражувања, м-р Стефан Мирчевски успешно ги користи алатките и програмските софтвери: LaTeX; Microsoft Office: Word, Excel, Power Point; Wolfram Mathematica; Matlab; R.

**Награди**

М-р Стефан Мирчевски е добитник на прва награда за презентација на истражувачки труд од областа математика на 45. Приматијада одржана во Будва, Црна Гора во 2018 година. Наградата е добиена за презентација на трудот „*Математички модел за сместување патници во авион. Примена на мешано целобројно програмирање*“, изработен под менторство на проф. д-р Ирена Стојковска.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Членовите на Рецензентската комисија позитивно ја оценуваат целокупната наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност на м-р Стефан Мирчевски. Неговите истражувања се одликуваат со темелност, високи научни стандарди и оригиналност, особено во делот од применета математика, и претставуваат вистински придонес за развојот на научно-истражувачката и научно-популарната дејност во нашата земја.

Врз основа на горенаведеното, членовите на Рецензентската комисија имаат особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатика во состав на Европски Универзитет Скопје да му предложат кандидатот м-р Стефан Мирчевски да се избере за соработник во соработничко звање **АСИСТЕНТ** за наставно-научна област **„Применета математика и математичко моделирање“ (10912-Фраскатиева класификација).**

**Рецензентска комисија:**

1. Редовен професор д-р Ирена Стојковска – претседател

   ______________________

2. Вонреден професор д-р Анета Гацовска-Барандовска – член

   ______________________

3. Доцент д-р Маја Саревска – член

   ______________________

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО - НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ: КАЗНЕНО ПРАВО (50804 ПО ФРАСКАТИЕВА КЛАСИФИКАЦИЈА) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ ПРИ ЕВРОПСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ – СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Европскиот универзитет – Скопје на седницата одржана на 01.11.2023 година, донесе Одлука за формирање на Рецензиона комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања, од наставно-научната област Казнено право (50804 по Фраскатиева класификација) на Факултетот за правни науки, во состав:

1. д-р Африм Османи – редовен професор, претседател
2. д-р Трајко Витанов – редовен професор, член
3. д-р Зоран Филиповски – редовен професор, член

Рецензионата комисија по разгледувањето на приложените материјали и преземените активности, согласно Законот за високото образование и актите на Европскиот Универзитет – Скопје, на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На распишаниот Конкурс, објавен во весникот „Вечер“ на 16.10.2023 година, за избор на еден наставник во сите наставно- научни звања за наставно-научната област Казнено право, 50804 по Фраскатиева класификација, на Правниот факултет при Европскиот универзитет – Скопје се пријави само кандидатот д-р Ѓорги Сламков.

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на Европскиот универзитет - Скопје, Рецензионата комисија ги разгледа пристигнатите документи, согласно објавениот Конкурс, и констатира дека кандидатот благовремено, во предвидениот рок, ја доставил својата пријава со потребните документи:

- Професионална биографија
- Диплома за научен степен доктор на науки
- Список на објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација во последните пет години пред објавување на огласот за избор (доставени 12 објавени научни трудови и по еден примерок од истите)

- Објавен рецензиран учебник (доставен еден примерок од истиот)
- Одлука за избор во звање Вонреден Професор
- Документација за изведување на високообразовна дејност
- Уверение за државјанство
- Сертификат за познавање на англиски јазик

Доставен по еден примерок од следните 12 објавени рецензирани научни трудови:

1. Ѓорги Сламков, Васко Стамевски, Елизабета Стамевска, „Предуслови и мерки за ефикасна борба против перење пари“, International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 7, no. 13, p-g. 55-68, 2023

2. Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, „Financing of terrorism – looking at money laundering and organized crime as main forms of financing“, International scientific journal “Sui Generis”, Vision University, Vol. 2 No. 1, p-g. 45-64, (2023)

3. Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski, Elizabeta Stamevska, “Challenges for improving the legal framework for protection of whistleblowers in the Macedonian legislation, International scientific journal “Sui Generis”, Vision University, Vol. 1 No. 2, p-g. 25-34, (2022)

4. Ѓорги Сламков, „Практична имплементација на правните решенија за конфискација и ефектите во владеењето на правото“, International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 6, no. 12, p-g. 39-49, 2022, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560,

5. Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, “The Concept of “White-collar” crime”, „Vision“ International Scientific Journal, Vision University , Volume 6, Issue 2, 2021, p. 113 - 124,

6. Gjorgi Slamkov, “Strengthen the role of law by changing the institutional framework for combating corruption, Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, December 2021, Volume 12, Issue 27, p-g. 87-104, ISSN: 1857-8519,

7. Gjorgi Slamkov, Aleksandar Dastevski, “Achievements and challenges of Probation agencies in Southeast Europe”, International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 5, no. 10, p-g. 67-77, 2021, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560,

8. Gjorgi Slamkov, “The importance of full implementation of the provisions of asset recovery in the fight against corruption”, Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, VOL. 11, ISSUE 26 (2021), 70-96, ISSN: 1857-8519,

9. Gjorgi Slamkov, “Risks of corruption during COVID-19”, “„Vision“ International Scientific Journal, Vision University , Volume 5, Issue 1, 2021, p. 39 – 53, ISSN: 2545-4323, ISSN: 2545-4331,

10. Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski, „ The role of the whistleblowers in the fight against corruption“,„Vision“ International Scientific Journal, Vision University, Volume 4, Issue 2, December 2019, p. 63 – 86,

11. Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski „Inclusion in decision-making processes through lobbying“,International Journal of science and arts IDEA, vol. 3, no. 6, p-g. 89-99, 2019,

12. Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski „Lobbying as a way to achieve common goals and Corruption - touch points and delineation“, International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 3, no. 6, p-g. 79-89, 2019, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560,

Доставен еден примерок од објавен рецензиран учебник:

1. Ѓорги Сламков, Казнено право – општ дел, Европски универзитет - Скопје, учебник.

Пријавата, заедно со приложените документи на кандидатот д-р Ѓорги Сламков, Комисијата детално ја проучи и го констатира следното:

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ НА КАНДИДАТОТ**

**1.1. Образование**

Ѓорги М. Сламков е роден на 27.01.1976 година во Гевгелија.

Во периодот 1994 - 1998 година студира на додипломски студии на Факултетот за правни науки „Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, каде што по нивното завршување, со просек 8, се стекнува со стручен назив **дипломиран правник**.

Во периодот 1998 – 2002 година студира на последипломски студии по **Казнено право и криминологија** на Факултетот за правни науки „Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје. По положувањето на предвидените испити, со просек 9,32 и одбраната на магистерскиот труд под наслов „Општокорисна работа" на ден 16.05.2002 година, се стекнува со назив - **Магистер по правни науки, област Казнено право.**

Докторира на 16.05.2007 година, повторно на Факултетот за правни науки „Јустинијан Први", при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со одбраната на докторската дисертација, под наслов: „Условна осуда со заштитен надзор" со што се стекнува со научен назив - **Доктор по правни науки.**

**1.2. Работно искуство**

Во текот на 2004 и 2005 година работи како **асистент** по казнено право на Полициска Академија во Скопје.

Во 2007 година, на јавен конкурс, е избран за **ДОЦЕНТ** на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Република Македонија, Скопје. Таму држи настава по предметите: Казнено право, Казнено процесно право, Малолетничко казнено право и Меѓународно казнено право.

Во периодот од Октомври 2010 година до Јули 2011 година ја извршува функцијата **Декан** на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Република Македонија.

На 05.06.2012 година, на јавен конкурс, е избран за **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет - Република Македонија, Скопје, по група предмети од областа на Казненото право.

Д-р Ѓорги Сламков во периодот на наставно- научната работа учествува активно во наставата на прв и втор циклус на студии и држи настава по повеќе предмети од казнено – правната област.

Ангажираност на прв циклус на студии:

- Казнено право
- Казнено процесно право

- Меѓународно казнено право
- Малолетничко казнено право

Ангажираност на втор циклус на студии:

- Казнено право – применета програма
- Казнено процесно право

Во текот на својот наставен ангажман кандидатот значително содржински и методолошки го унапредува наставниот процес и кај студентите поттикнува развој на критички начин на размислување, како и потреба за постојано стручно усовршување. Се залага за поврзување на теоретската со практичната настава, со што студентите полесно би ја совладале материјата, а активно учествува и во избор на практичари во наставниот процес.

Од почетокот на Април 2013 година работи како **член** и **претседател** на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Од Април 2016 година е **претседател** на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер на Република Македонија.

На 02.05.2019 година, на јавен конкурс, е избран за **ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР** на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет - Република Македонија, Скопје, по група предмети од областа на Казненото право.

Д-р Ѓорги Сламков во периодот на наставно- научната работа учествува активно во наставата на прв и втор циклус на студии како на Факултетот за правни науки, така и на други факултети во состав на Европски Универзитет, односно, Факултет за детективи и криминалистика и Факултет за економски науки, и држи настава по повеќе предмети од казнено – правната област.

Ангажираност на прв циклус на студии:

- Казнено право
- Казнено процесно право
- Меѓународно казнено право
- Корупција и нејзино сузбивање

Ангажираност на втор циклус на студии:

- Казнено право – применета програма
- Казнено процесно право

Во периодот од 16.09.2020 до 15.09.2022 година, во два мандати, е избран за **Претседател на Универзитетскиот Сенат на Европски Универзитет – Скопје**. Претходно, во периодот од 30.09.2019 до 15.09.2020 е член на Универзитетскиот Сенат.

Од 01.10.2022 година е избран за **Декан на Факултетот за правни науки при Европски Универзитет – Скопје**.

- Член е на првиот состав на Комисијата за воедначување на казнената политика (2015-2016),
- Предавач во Академијата за судии и јавни обвинители (2014 година).
- Со положен правосуден испит (2012 година).

Во текот на својата работа, има остварено повеќе престои во странство, и тоа:

- 2013 - студиски престој за борба против измами и корупција во Барселона, Шпанија,
- 2013 - студиски престој за антикорупциски политики во Париз, Франција,
- 2014 - студиски престој за механизми за спречување на корупцијата –во Берлин, Германија,
- 2017 - студиски престој за отчетност, транспарентност и пристап до информации во Мадрид, Шпанија.

## 2. ПРЕГЛЕД НА НАУЧНАТА АКТИВНОСТ НА КАНДИДАТОТ

### 2.1. Магистерски труд

На 16.05.2002 годиина, на Факултетот за правни науки „Јустинијан Први“, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, во рамките на последипломски студии по казнено право и криминологија, го одбрани магистерскиот труд под наслов „Општокорисна работа“ и се стекна со назив магистер по правни науки, област Казнено право. Магистерскиот труд е изработен под менторство на проф. д-р Ѓорги Марјановиќ, а во состав на Комисијата за одбрана на магистерскиот труд беа и проф. д-р Владо Камбовски и проф. д-р Методија Каневчев.

Покрај воведот, предметот, целите и методолошкиот пристап во научно истражувачката работа, магистерскиот труд се состои од пет логично поврзани целини.

Во првата глава е разработено прашањето за Алтернативни санкции и мерки, и тоа од повеќе аспекти: причините за појавата на алтернативните санкиции и мерки, принципот на ресоцијализација и степенот на негов успех, прашањето за повтор како знак за неуспех на криминалната политика, хронолошки развој на казната лишување од слобода, ефектот од кратките казни затвор и деприватиците што настануваат од нив,

Во втората глава се навлегува во идејата за Алтернативите - како ново средство во борбата против криминалот. За таа цел се обработуваат повеќе прашања, и тоа: Која е суштината на алтернативните санкции и мерки, односот на алтернативните санкции со принципот на индивидуализација, позитивните и негативните страни на алтернативните санкции и мерки, како и кратка анализа на Европските правила за алтернативни санкции и мерки.

Во третата глава се обработува централното прашање – санкцијата Општокорисна работа. При тоа, авторот ја обработува преку следните точки: Општокорисната работа како

алтернативна санкција, Историјат, правна природа и карактеристики на општокорисната работа, начин на спроведување на општокорисната работа, карактеристики на осудениците на општокорисна работа и слични точки.

Во четвртата глава е направен компаративен преглед на регулирањето и практичното спроведување на општокорисната работа во дваесет држави од Европа.

Во последната глава се нудат решенија за нејзино имплементирање во македонскиот казнен систем, преку предлог на нормативно решение.

Научниот допринос на магистерскиот труд се состои во фактот дека авторот суштински навлегува во реалните потреби на македонската казнена политика и идејата за воведување на алтернативните мерки во нашиот систем на кривични санкции, помеѓу нив и на општокорисната работа.

Трудот е одбранет во 2002 година, додека во 2004 година со измените и дополнувањата на Кривичниот законик во македонскиот казнено–правен инструментариум беа воведени алтернативните санкции, вклучувајќи ја и општокорисната работа.

Ова потврдува дека магистерскиот труд има придонес во обработката на оваа материја бидејќи со него се прави споредба со законските решенија за општокорисна работа на дваесет држави, потоа се нуди конкретен предлог за законско регулирање, и на крај, решението прифатено во нашиот кривичен законик во одредена мера ги содржи предлозите од магистерскиот труд.

## 2.2. Докторска дисертација

Докторира на 16.05.2007 година, на Факултетот за правни науки „Јустинијан Први", при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со одбраната на докторската дисертација под наслов „Условна осуда со заштитен надзор" со што се стекнува со научен назив доктор по правни науки. Дисертацијата е изработена под менторство на проф. д-р Ѓорги Марјановиќ, во состав на Комисијата за одбрана на докторската дисертација беа и проф. д-р Љупчо Арнаудовски, проф. д-р Никола Матовски, проф. д-р Методија Каневчев и проф. д-р Никола Тупанчески.

Докторската дисертација „Условна осуда со заштитен надзор" се состои од 270 страници, поделена на шест дела.

Првиот дел го носи насловот „Теоретско – хипотетска рамка на трудот". Во него се обработуваат прашањата за хипотеза, методи на истражување, временска рамка, поим и цел на условната осуда, историски развој на условната осуда и условната осуда со заштитен надзор, како и за системите на условна осуда.

Генерална хипотеза, за која е врзано целото истражување, е следната:

„Мора да постои некоја суштествена причина за да судовите ја одбегнуваат примената на оваа санкција, имено, во Република Македонија во периодот 1997 – 2003 година од страна на Основните судови санкцијата условна осуда со заштитен надзор, во вистинската смисла на зборот не е применета во ниту еден единствен случај."

Во истражувањето се користени пет методи, и тоа: метод на анализа на содржина, историски метод, компаративен метод, метод на анкетирање, и статистички метод. Истражувањето има временска рамка од 1997 година, што е во сообразност со почетокот на примената на Македонскиот Кривичен законик, до 2003 година, непосредно пред измените на Кривичниот законик од 2004 година, со кои условната осуда со заштитен надзор беше поместена во алтернативните санкции и изедначена со условната осуда.

Вториот дел од дисертацијата го носи насловот: „Условна осуда со заштитен надзор." Во него се разработуваат прашањата за поим и предмет на условната осуда со заштитен надзор, нејзиниот однос со условната осуда, односно пробацијата, како и за позицијата на условната осуда со заштитен надзор во системот на алтернативни мерки.

Во однос на општиот поим определено е дека условната осуда со заштитен надзор претставува пробација. Имено, терминот условна осуда со заштитен надзор е само поинаква конструкција од зборови за да се опише материјалниот елемент кој ја гради пробацијата.

Во третиот дел од дисертацијата се обработува прашањето „Пробација." И тоа нејзино дефинирање, начин на реализација, пробациска служба (организација, задачи). Секоја дефиниција на поимот пробација се состои од четири елементи: селекција на сторители, условна суспензија на казната, надзор од страна на пробациски службеник и примена на индивидуална помош и третман.

Пробацијата е казна со која се избегнува институционалниот третман, лицето останува во заедницата Еден од најзначајните фактори, од кои зависи успешното спроведување на пробацијата е правилниот и селективен пристап при определувањето на осуденичката популација погодна за оваа казна. Потребно е постоење отворена и постојана соработка и комуникација помеѓу судот пред кој се води предметот и пробациската служба.

Четвртиот дел го носи насловот „Споредбено-правен осврт." Во него се разработува прашањето за регулирање на условната осуда со заштитен надзор (пробација) во земјите на европско-континенталниот систем и во земјите на англосаксонскиот систем. Земјите од европското тло се поделени во две групи: земји во кои условната осуда со заштитен надзор – пробација е самостојна санкција, (од нив се обработени Шведска, Португалија, и Норвешка), и земји во кои условната осуда со заштитен надзор – пробација е заменска казна, (од нив се обработени Франција, Луксембург, Данска, Грција, Швајцарија, Шпанија и Белгија). Од англосаксонскиот систем се обработени Велика Британија (Англија, Велс, Шкотска, Северна Ирска) и неколку држави-членки на САД, поаѓајќи од принципот на територијална распространетост (Њујорк, Калифорнија, Масачусетс, Аризона, Оклахома, Ново Мексико, и Невада).

Петтиот дел е со наслов „Условната осуда со заштитен надзор во Република Македонија." Во него се разработуваат прашањата за правната природа на условната осуда со заштитен надзор, нејзиниот историјат во Република Македонија, содржина на заштитниот надзор, орган за негово спроведување, како и за последици од неисполнување на одредена обврска.

Во овој дел, најпрво, преку статистички податоци се прикажува примената на мерката заштитен надзор кај помлади полнолетници по Републики на СФРЈ за периодот 1960-1964 година. При тоа од вкупно изречени 600 мерки на заштитен надзор, во СР Македонија се изречени 86 или 13,7%, или, во 1960 – 45, во 1961 – 35, во 1962 – 3 и во 1964 – 3. СР Македонија најоптимистички тргнала во практичната примена на условната осуда со заштитен надзор за помлади полнолетници, но податоците укажуваат дека се наишло на непремостиви пречки кои го оневозможувале успешниот резултат.

Во продолжение се обработува примената на условната осуда со заштитен надзор во СФРЈ во периодот 1977-1984 година при што се утврдува дека од вкупно изречени 354.478 условни осуди само 287 се ставени под заштитен надзор или 0,08%. Од тоа се извлекува фактот дека во наведениот период условната осуда со заштитен надзор воопшто не добила практична примена

Со цел за проверка на генералната хипотеза дека условната осуда со заштитен надзор не доби значајна примена во нашата судска практика од страна на авторот е спроведено истражување низ Основните судови во Република Македонија во форма на анкета.

Како период на истражување е земен временскиот интервал од активното спроведување на новиот Кривичен Законик до законските измени со кои се воведоа алтернативните санкции во нашето кривично право, т.е. од 1997 година до 2003 година. Од вкупно 27 Основни судови во Република Македонија само еден се изјасни дека во испитуваниот период имал изречено условна осуда со заштитен надзор, во вкупно шест случаи.

Со цел за да се утврди начинот на нејзината практична реализација, видот на кривични дела за кои се изрекува, карактеристиките на сторителите и посебно спроведувањето на надзорот, од страна на авторот е извршен увид во списите при што утврди дека во процесот на практично реализирање недостасуваат елементите што ја претставуваат нејзината суштина.

Имено, во сите шест случаи станува збор за сместување на сторителот на делото во установа од медицински карактер и обврска за установата периодично да го известува судот за промените во однесувањето на осуденикот. Поради тоа, авторот заклучува дека во Република Македонија во периодот 1997 – 2003 година во ниту еден случај не дошло до примена на оваа санкција.

Како дополнение, во дисертацијата е вграден Приватен нацрт закон за пробациска служба, во кој се содржани размислувања на авторот за основање, начин на работа и организациона поставеност на Пробациската служба на Република Македонија.

За изготвување на докторската дисертација „Условна осуда со заштитен надзор" е користена домашна литература (8 труда, 3 закони), странска литература (25 труда), како и 28 интернет адреси.

**Научниот допринос на докторскиот труд** се состои во тоа што овој труд преставува катализатор за промени во македонската казнено-правна регулатива. Имено, преку трудот авторот се залага за создавање на специјализирано тело за извршување на

алтернативните санкции, меѓу нив и на условната осуда со заштитен надзор – македонски облик на пробација. Авторот преку негово истражување, и преку други поранешни истражувања, аргументира зошто има незначителна примена на алтернативните санкции и мерки во практика и нуди решенија за надминување на проблемите.

Идејата на авторот за создавање на пробациска служба на Република Македонија е реализирана. Имено, Собранието на Република Македонија го донесе законот за пробација, кој стапи во сила на 1 Ноември 2016 година, и со него се воспоставува пробациска служба во Република Македонија, со цел реализација на алтернативните санкции и мерки, меѓу нив и на условната осуда со заштитен надзор. Овде би додале дека предмет на пробациската служба е и мерката општокорисна работа (која всушност е темата на магистерскиот труд на авторот).

### 2.3. Научни трудови објавени во Меѓународни научни списанија и во други публикации во последните 5 години

1) **Ѓорги Сламков, Васко Стамевски, Елизабета Стамевска, „Предуслови и мерки за ефикасна борба против перење пари“, International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 7, no. 13, p-g. 55-68, 2023**

Во рамките на трудот авторите ја обработуваат темата за штетните последици од перењето пари, предусловите за превенција, како и мерките за ефикасна борба против перењето пари.

Акцентот е ставен на меѓународниот пристап поаѓајќи од фактот дека во услови на глобализација и брз трансфер на капитал и стоки, можностите за прекугранично пренесување на приносите од кривично дело, преку перење пари, е можно во висок степен.

Авторите ги обработуваат горните прашања од аспект на трансфер на незаконски стекнат капитал од државите во развој кон финансиските центри и развиените држави. Во рамките на трудот ги презентираат позначајните предуслови за ефикасна меѓународна борба против перењето пари, и тоа како преку јакнење на нормативната рамка, така и преку креирање на соодветни институционални капацитети.

Посебно внимание е посветено на мерките за ефикасна борба против перењето пари. Станува збор за инструменти кои се применуваат од финансиски институции, како и од органи за спроведување на законот, со цел за длабинска анализа на потеклото на парите, постоењето на елементи за сомневање, следење на движењето на средствата, посебен пристап кон високо ризичните држави, како и градење на механизми за брза реакција на меѓународен план во случај на основано сомневање дека станува збор за перење на приноси од извршено кривично дело.

Научен допринос на трудот: Во рамките на трудот, авторите нудат решенија на проблеми што се констатирани во пракса, предлагаат мерки за ефикасна борба против

перењето пари, глобален проблем кој претставува основа за вклучување на противправно стекнати приноси во легалните финансиски текови. Авторите разработуваат соодветен инструментариум за општествена реакција со цел подобрување на резултатите при спречување на перење пари.

Личен допринос на авторот/кандидатот: во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој ги презентира сопствените познавања за специфично кривични-правно прашање, односно перењето пари. Во рамките на трудот предлага мерки и активности, научно базирани, за спречување на перењето пари.

2) **Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, „Financing of terrorism – looking at money laundering and organized crime as main forms of financing“, International scientific journal "Sui Generis", Vision University, Vol. 2 No. 1, p-g. 45-64, (2023)**

Во рамките на трудот авторите акцентот го ставаат на финансирањето на тероризмот како собирање и дистрибуција на средства со намера да ги искористат за извршување терористички делува.

За да ги финансираат своите активности, терористите често користат пари стекнати од извршување на кривични дела. Перењето пари е процес на прикривање пари или имот што е незаконски прибавен. Кога имотот се стекнува со извршување на кривично дело, извршителот бара начин како да ги искористи стекнатите пари без привлекување на внимание на надлежните истражни органи.

Системот за борба против перење пари и финансирањето на тероризмот е еден од потсистемите во единстениот систем на јавна и национална безбедност, вклучува збир на дејствија и мерки во рамките на организацијата на физички и техничка заштита и безбедносна заштита, активни и пасивни, со цел да се спречат разни криминални и други облици на загрозување на националната безбедност во сферата на перење пари и борба против тероризмот на национално, регионално и меѓународно ниво.

Научен допринос на трудот: Во рамките на трудот, авторите ја обработуваат темата за извори на финансирање на тероризмот. Се навлегува во длабинско анализирање на модалитетите за негово финансирање преку перење пари и различните појавни облици на организираниот криминал. Се градат заклучоци за градење на ефикасни системи за откривање на приносите од криминални активности и спречување на нивниот тек кон финансирање на тероризмот.

Личен допринос на авторот/кандидатот: во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој ги презентира сопствените познавања за специфично кривично-правно прашање, односно финансирањето на тероризмот. Авторот има длабински навлезено во оваа проблематика бидејќи има учествувано на повеќе обуки како предавач токму на оваа тема, односно спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

3) **Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski, Elizabeta Stamevska, "Challenges for improving the legal framework for protection of whistleblowers in the Macedonian legislation, International scientific journal "Sui Generis", Vision University, Vol. 1 No. 2, p-g. 25-34, (2022)**

Во рамките на трудот се обработува македонската правна рамка за заштита на укажувачите, со потенцирање на „слабите точки" во имплементацијата на законот и подзаконските акти.

Направен е краток приказ на основните карактеристики македонскиот систем за заштита на укажувачите особено во делот на видови на заштитено пријавување како и облиците на заштита на укажувачите. Се прави споредба на конкретни законски решенија со актите на Европска Унија и Совет на Европа и притоа се презентираат потенцијални решенија за подобрување на правната рамка за за заштита на укажувачите.

Се анализираат извештаи на релевантни институции и преку анализата се презентираат недостатоци во правната рамка. Посебен аспект се посветува на заштита на укажувачите во правните лица во приватниот сектор, односно на недореченоста во правните решенија, постоењето на правни празнини и потребата за целосно регулирање на конкретни прашања.

Подобрувањето на правната рамка за заштита на укажувачите во комбинација со преземање на мерки за јакнење на јавната свест се фактори за подобра практична примена на македонската регулатива за заштита на укажувачите.

Научен допринос на трудот: Во рамките на трудот, авторите ја обработуваат темата за заштитено пријавување и заштита на укажувачите. Прават детален приказ на поставеноста на македонската легислатива за заштита на укажувачите, презентираат правни празнини и предлози за нивно надминување.

Личен допринос на авторот/кандидатот: во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој се презентира македонскиот правен механизам за заштита на укажувачите. Авторот има суштинско познавање на материјата за заштита на укажувачите, имено, беше вклучен во меѓународен проект за заштитено пријавување и заштита на укажувачите при што ја презентираше македонската правна рамка за заштита на укажувачите.

4) **Ѓорги Сламков, „Практична имплементација на правните решенија за конфискација и ефектите во владеењето на правото", International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 6, no. 12, p-g. 39-49, 2022, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560,**

Во рамките на трудот се обработуваат нормативните решенија за конфискација на имот и имотна корист содржани во македонското казнено законодавство, нивната практична имплементација, како и ефектот во пракса.

Доколку имотната корист е стимулот за извршување на кривичното дело тогаш конфискацијата од страна на државата е неговата спротивност. Комбинацијата на казна со мерка конфискација е силна структура преку која се постигнуваат повеќе ефекти. Правилната примена на конфискацијата има силно влијание врз превенцијата, како генерална така и специјална. Така, доколку мерката има успешна практична примена тогаш резултатите во справувањето со криминалот ќе бидат поголеми а со тоа владеењето на правото ќе биде на повисоко ниво.

Во рамките на трудот авторот дава посебен осврт на одредбите за конфискација на имот и имотна корист како и на предизвиците за подобрување на оваа материја поаѓајќи од фактот дека во глобални рамки се става голем акцент на враќање на незаконски стекнатиот имот на државата. Имено, автор потенцира дека враќањето на имотот е предуслов за воспоставување на правдата и правната држава.

Во трудот авторот се осврнува и на меѓународните искуства и иницијативи во оваа област кои се неоходен инструмент за соработка. Размената на знаења и искуства, како и градењето на институционални решенија од поширок карактер се фактори кои влијаат на усогласувањето на домашната рамка со глобалните напори за спречување на незаконското богатење.

Научен допринос на трудот: Во рамките на трудот, авторот обработува тема од казнено-правен карактер во која централен фокус е конфискацијата на имотните добра стекнати преку извршување на кривично дело. Во рамките на трудот, авторот дава предлози за подобрување на правната рамка, јакнење на ефективноста од постапувањето на надлежните институции поаѓајки од премисата дака „неправото не смее да биде основа на правото" зошто тоа е негација на смислата на кривично-правната реакција на општеството кон сторителите на кривични дела.

Личен допринос на авторот: во овој труд авторот, презентира идеи за справување со криминалот во, така да се каже, последните чекори на казнено-правната реакција, односно конфискување на противправно стекнатата корист/имот, воспоставуање на правда и владеење на правото. Казнено-правната проблематика авторот ја обработува со децении, вклучувајки го и овој дел, насочен кон заштита на вредностите и интересите на општеството и поединецот.

5) **Vasko Stamevski, Gjorgi Slamkov, Elizabeta Stamevska, "The Concept of "White-collar" crime", „Vision" International Scientific Journal, Vision University , Volume 6, Issue 2, 2021, p. 113 - 124,**

Во рамките на трудот се обработува тема поврзана со специфична категорија на сторители на кривични дела, односно „криминал на белите јаки". Терминот „криминал на белите јаки" е синоним за кривични дела извршени од бизнис елита или високи владини функционери. Овие злосторства се карактеризираат со измама, прикривање или повреда на довербата и не се зависни од примена или закана со физичка сила или насилство.

Во рамките на „криминалот на белите јаки“ се вклучени сите форми на економски и финансиски криминал, како што се поткуп, даночно затајување, фалсификување даночни книги, лажни стечајци и слично, односно група на кривични дела кои можат да ги направат привилегирани сторители преку искористување на сопствената положба, углед, моќ и влијание.

Мотивите зад извршувањето на кривични дела поврзани со „криминалот на белите јаки“ пред се произлегуваат од желбата за контрола во општеството, стравот и вознемиреност од опаѓање од социјалниот статус, недостаток на социјална свест и интегритет, слаби и неефикасни внатрешни контроли на организации, алчност и глад за богатство, парични и финансиски придобивки и неефективна корпоративна култура во економијата.

Научен допринос на трудот: Во рамките на трудот, авторите ја обработуваат темата за „криминалот на белите јаки“. Станува збор за подрачје на силно влијание во општеството и висока темна бројка на овој облик на криминал. Истражувањата за овој облик на криминал се потребни особено во држави со слаби институции каде спроведувањето на законот има бројни бариери.

Личен допринос на авторот/кандидатот: во овој труд авторот, заедно со други автори, учествува во креирање на научен труд преку кој се презентира потребата за посуштински истражувања за овој облик на криминалитет. Авторот во трудот ги внесува сопствените гледишта како резултат на практичното искуство од работење во истражни органи, односно непосредно има постапувано во оваа проблематика, во насока на откривање и документирање на кривични дела од оваа група.

6) **Gjorgi Slamkov, “Strengthen the role of law by changing the institutional framework for combating corruption, Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, December 2021, Volume 12, Issue 27, pg. 87-104, ISSN: 1857-8519,**

Во рамките на трудот авторот потенцира дека бројните истражувања и рангирања на меѓународни организации за истражување на корупција покажуваат дека Северна Македонија има сериозни проблеми во борбата против корупцијата и затоа е потребен суштински пристап за подобрување на ситуацијата.

Тоа е поентата на овој труд - преземање суштински чекори во борбата против корупцијата. Фокусот е ставен на промената на институционалниот пристап во борбата против корупцијата, односно замена на досегашниот превентивен модел (каде водечка институција е Државната комисија за спречување на корупцијата - ДКСК) и замена со моделот на органи за спроведување на законот, т.е. во идната водечка институција во борбата против корупцијата во Северна Македонија да биде Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Во трудот се нагласува дека со промена на главниот орган за борба против корупцијата, ДКСК ќе се трансформира во Комисија за спречување судир на интереси. На

тој начин сегашното тело ќе продолжи да работи но со ингеренции од воспитно-превентивен и административен карактер бидејќи и денес тоа тело нема оперативни надлежности.

Во трудот авторот посочува дека за постигнување значаен резултат во борбата против корупцијата потребни се суштински промени во составот и работењето на Судскиот совет, Советот на јавни обвинители и Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Ова се клучните институции во правосудството и потребно е да се зголеми транспарентноста и отчетноста во нивната работа, а особено во нивниот состав.

Личен допринос на авторот: во трудот, авторот создава стратешки пристап за намалување на високото ниво на корупција во Северна Македонија, со нудење неколку препораки кои на среден и долг рок треба да ја подобрат состојбата во сузбивањето на корупцијата.

7) **Gjorgi Slamkov, Aleksandar Dastevski, "Achievements and challenges of Probation agencies in Southeast Europe", International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 5, no. 10, p-g. 67-77, 2021, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560,**

Централна тема на трудот е степенот на развиеност на пробациските служби во земјите од Југоисточна Европа. Имено, со презентирање на статистички податоци, авторите создаваат слика за работењето на пробациските служби во секоја од наведените земји. Дополнително, за секоја од нив е даден краток опис на институционалниот и нормативниот развој.

Потребата од следните чекори е нагласена бидејќи според одредени показатели овие земји ги имаат екстремните вредности (највисоки и најниски). Ова укажува на фактот дека материјата сè уште се развива и го бара своето оптимално место.

Во основа, создавањето и развојот на пробациската служба е процес кој трае долго. Во никој случај не треба да се донесе избрзана одлука или автоматско копирање на правни решенија од друга држава.

Авторите го нагласуваат фактот дека во македонскиот казнен систем алтернативните санкции и мерки, како вид санкции, беа воведени во 2004 година, законот за пробација беше донесен во 2015 година, додека првите случаи на пробациската служба беа во 2018/2019 година. Со овие податоци, авторите укажуваат на важноста на факторот - навременост во спроведувањето на реформите, како суштински услов за успех на напорите за спроведување на алтернативна казнена политика во земјите од Југоисточна Европа.

Авторите нагласуваат дека пробационите служби треба да имаат повисок степен на независност, одржлив буџет и објективно избрани квалитетни кадри.

Авторите забележуваат дека, во споредба со земјите од Западна Европа, процесот на создавање и функционирање на пробациски служби во земјите од Југоисточна Европа е многу бавен, што има влијание врз борбата против криминалот и севкупната казнена политика.

Научен допринос на трудот: Во рамките на трудот, авторите прават компаративна анализа на капацитетите и резултатите од работењето на пробациските служби во државите од југоисточна Европа, односно имплементацијата на алтернативната казнена политика. Преку низа на параметри ги утврдуваат состојбите во секоја од државите и при тоа забележуваат постапувања кои се далеку од смислата на алтернативната казнена политика, во заклучоците се содржани предлози за надминување на слабостите.

Личен допринос на авторот: Во трудот се обработува материја за која авторот се залага подолг временски период. Имено, магистерскиот и докторскиот труд на авторот се однесуваат токму на материја за алтернативната казнена политика, при што една од идеите за која се залага е формирање на тело за имплементација на алтернативните санкции и мерки, односно на Пробациска служба. За разлика од поранешни негови трудови, каде се залага за формирање на телото, овде е насочен (заедно до друг автор) кон анализа на достигнувањата на државите од југоситочна Европа во имплементацијата на алтернативната казнена политика.

8) **Gjorgi Slamkov, "The importance of full implementation of the provisions of asset recovery in the fight against corruption", Journal of sustainable development, Integrated Business Faculty, Skopje, Republic of North Macedonia, VOL. 11, ISSUE 26 (2021), 70-96, ISSN: 1857-8519,**

Во рамките на трудот авторот потенцира дека борбата против корупцијата нема ефект доколку од сторителот на коруптивното дело не му се конфискувани стоките или средствата што ги стекнал на незаконски начин.

Овој труд ги истакнува пречките за меѓународна соработка за враќање на украдените добра. Факт е дека во изминатиот период, речиси две децении, од донесувањето на UNCAC, многу е направено на полето на превенцијата, криминализацијата, како и меѓународната соработка, но во делот на враќање на имотот недостасуваат поголеми резултати. .

Тоа е во основа имот стекнат на коруптивен начин, главно во земјите во развој и пренесен во развиените земји. На тој начин криминалците стекнуваат огромно богатство, а од друга страна, сиромаштијата во земјата на потекло се зголемува поради губење на ресурсите.

Во трудот се претставени конкретни примери за враќање на средствата. Станува збор за случаи кога постапката трае долги години, во која се вклучени високи политички личности и огромни суми на пари. Во трудот се дадени неколку препораки за подобрување на внатрешните регулативи на земјите, но и за меѓународна соработка со цел да се зголеми откривањето на случаи на украдени средства земени во други земји.

Брзата и заемна соработка помеѓу државата молител и замолената држава е од суштинско значење за откривање, запленување, замрзнување, конфискација и враќање на украдениот капитал.

Научен допринос на трудот: Во трудот се обработува тема која релативно малку е обработувана во домашната стручна литература, а е особено меѓународно апострофирана, вклучувајки и специјална сесија на Генералното Собрание на ООН во 2021 година. Централен фокус е отстранување на пречките за враќање на капиталот, вредностите и други добра кои преку коруптивни дела ги стекнале високи политички фигури од државите во развој и потоа преку перење пари ги трансферирале во развиени држави или финансиските центри, често пати користеји ја можноста за криење на вистинските сопственици.

Личен допринос на авторот: авторот подолг временки период теоретски и практично работи на материјата поврзана со борба против корупцијата. Сето тоа му овозможи да навлезе во деталите на проблематиката, да креира решенија и да настојува нивна имплементација. Во овој труд авторот се осврнува на неколку примери од пракса и преку нив прикажува дека и покрај меѓународните регулативи и изразените желби за соработка сепак кога ќе треба да се вратат материјалните добра во државата молител (оштетена со коруптивно кривично дело) сепак се јавуваат бројни пречки и тешкотии.

**9) Gjorgi Slamkov, "Risks of corruption during COVID-19", "„Vision" International Scientific Journal, Vision University , Volume 5, Issue 1, 2021, p. 39 – 53, ISSN: 2545-4323, ISSN: 2545-4331,**

Во рамките на трудот се обработува прашањето за ризици од појава на корупција за време на справувањето со пандемијата која ја одбележа 2020, односно COVID -19.

Имено, кризата ги затекна скоро сите држави и ја наметна потребата за ургентни мерки како би се намалиле штетните последици. Но, скратувањето на роковите или поедноставување на процедурите за јавни набавки создаде услови за појава на коруптивни активности, т.е., злоупотреба на државни ресурсии за приватни цели.

Во трудот како најризични точки за корупција за време на COVID -19 кризата се јавните набавки, економската помош од државата кон граѓаните и компаниите, како и падот на интегритетот. Во истиот се наброени неколку афери од коруптивен карактер за време на пандемијата кои произлегуваат токму од гореспомнатите ризични точки, кои вклучуваат набавки по екстремно високи цени, низок квалитет на стоките, тајност на постапката, исчезната хуманитарна помош, злоупотреба на карантинот и слично.

Во трудот се потенцира дека најефикасно средство за борба против корупцијата е транспарентноста, а во услови на COVID -19 и предизвиците кои ги носи со себе, транспарентноста треба да биде на повисоко ниво.

Отчетноста, информирањето на граѓаните, пристапот до јавни информации се алатки кои одат во насока на намалување на ризиците од корупција за време на криза и јакнење на довербата во системот и владеењето на правото.

Научен допринос на трудот: трудот е креиран во еден специфичен период, односно додека траеше кризата со Ковидот. Во трудот се анализирани факторите кои создадоа можности за корупција вонредна состојба, презентирани се конкрени примери и од таму произлегува заклучокот дека во такви (кризни) состојби една од најефикасните алатки е транспарентноста во процесите и проверливост на презентираните резултати.

Личен допринос на авторот: авторот има практично искуство од раководење на двете клучни институции во државата за спречување на корупцијата и за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (транспарентност). Во рамките на овој труд многу од согледувањата се резултат на практично стекнатото искуство особено апострофирање на транспарентноста, отчетноста и пристапот до јавни информации.

10) **Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski, „ The role of the whistleblowers in the fight against corruption“„Vision“ International Scientific Journal, Vision University, Volume 4, Issue 2, December 2019, p. 63 – 86,**

Трудот се занимава со еден од инструментите во борбата против корупција, односно „укажувачите“. Тие се непосреден извор на информации од местото каде што е извршено кривичното дело - недозволено однесување, кое има долга историја, но со различни третман.

Всушност, сложеноста и распространетоста на корупцијата бара наоѓање и примена на различни средства за справување со неа и укажувачите можат да придонесат во различни периоди, пред да се изврши штетното дејствие, за време на извршувањето и по неговото извршување.

Последната деценија, на меѓународно ниво, многу внимание е посветено на укажувачите. Меѓу бројните акти кои содржат одредби за овој антикорупциски инструмент се Принципите на Г20 за ефикасна заштита на укажувачи – Принципи од Осака, усвоени во јуни 2019 година и истите се катализатор за подобрување на положбата на укажувачите и нивна заштита, со цел ефикасна борба против корупцијата.

Во истата насока, на ниво на ЕУ во 2019 година е донесена новата Директива за заштита на укажувачите, која има неколкугодишна имплементација во сите земји-членки. Нејзина цел е да се зголеми заштитата на укажувачите и да се подигне свеста во општеството за нивното значење. Искуство во ЕУ ниво покажува невоедначен пристап кон материјата, т.е., некои земјите-членки немаат регулатива, во другите земји-членки тоа е симболично регулирано, а во трети земји членки (околу десет) постои квалитетна регулација на овој антикорупциски инструмент.

Во трудот се претставени најновите правни инструменти за заштита на укажувачите и насоки за идниниот развој на овој инструмент.

Научен допринос на трудот: во рамките на трудот се анализираат новите инструменти на глобално ниво за заштита на укажувачите. Авторите ги извлекуваат

поентите на Принципите од Осака, документ на Г20 кои се насочени кон подобра заштита на укажувачите и јакнење на овој антикорупциски инструмент. Потоа, авторите се осврнуваат на европската Директива од 2019 година и патоказаот за нејзино имплементирање во државите членки. Ова се значајни теми бидејки ние како држава кандидат за членство во ЕУ мораме да пристапиме кон усогласување со новите решенија и да спроведеме соодветни законски измени и дополнувања.

Личен допринос на авторот/кандидатот: авторот/кандидатот има широки познавања на антикорупциската регулатива и преку овој труд презентира следење на најновите случувања и иницијатививо оваа област. Самиот факт што трудот е објавен само неколку месеци по донесувањето на наведените два глобални документи за заштита на укажувачите го потенцира токму фактот за континуитетот во тематските истражувања.

**11) Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski „Inclusion in decision-making processes through lobbying",International Journal of science and arts IDEA, vol. 3, no. 6, p-g. 89-99, 2019,**

Во рамките на трудот се разгледува прашањето за вклучување на поединци или групи во процесот на донесување одлуки преку лобирање.

Лобирањето е професија преку која се настојува вградување на одредени интереси во националните политики, односно влијание во постапувањето на донесителите на одлуките. Како таква има осцилации во нејзиниот развој и придонес.

Преку лобирањето, можно е секој поединец, група или здружение да ги претстави своите гледишта на донесувачите на одлуки и на тој начин да се вклучат во општествените текови.

Квалитетната регулација на лобирањето е еден од предусловите за заштита од корупција. Во преден план доаѓаат начелата на транспарентност и отчетност, со што целата јавност ќе знае за кого се лобира и која е целта на таквото лобирање. Од друга страна, доколку лобирањето е обвиткано со превезот на тајност тогаш многу лесто ќе премине во коруптивно поведение.

Лобирањето е најсилно во САД, со голем број лобисти и правни лица, со огромни финансиски ресурси што циркулираат во овој бизнис.

Пристапот на државите во однос на регулирање на лобирањето е различен и се движи од законски правила за лобирање па до непостоење на правила за лобирање. Во трудот е презентиран краток компаративен преглед на регулативата за лобирање во државите-членки на ЕУ, САД и Македонија.

Научен допринос на трудот: материјата за лобирање е недоволно истражувана во македонската стручна литература, тоа се должи на повеќе фактори но клучно влијание има фактот дека законот за лобирање не доби имплементација во вистинска смисла на зборот. Затоа во рамките на овој труд се настојува да се објасни смислата на оваа значајна антикорупциска алатка, која на нивана САД и ЕУ има значителна примена и е во насока на јакнење на транспарентноста при креирањето на јавните политики.

Личен допринос на авторот/кандидатот: авторот/кандидатот има широки познавања на антикорупциската регулатива и има спроведувано обуки за правилна имплементавија на законот за лобирање. Покрај тоа како експерт од антикорупциска област често бил и консултиран за прашања околу спроведување на законските одредби за лобирање,но и подзаконските акти кои произлегуваат од законот.

12) **Gjorgi Slamkov, Vasko Stamevski „Lobbying as a way to achieve common goals and Corruption - touch points and delineation", International Journal of science and arts IDEA, European University – Skopje, Vol. 3, no. 6, p-g. 79-89, 2019, ISSN: 2545-4552, ISSN: 2545-4560,**

Во рамките на трудот се обработува прашањето на тенката линија помеѓу лобирањето и корупцијата. Неколку меѓународни организации, вклучувајќи ги ООН, Советот на Европа, ОЕЦД, усвоија правни акти за регулирање на лобирањето. Преку нив, тие го прикажуваат лобирањето во нормативната, односно дозволената форма на однесување. Прекршувањето на строгите правила за лобирање е влез во казнивото, незаконското, обично преку кривичните дела Тргување со влијание и Поткуп.

Различни интересни групи преку лобирање имаат тенденција да влијаат на носителите на јавни одлуки, со цел да ги постигнат своите цели и да имаат поширока инклузија во социјалниот развој.

Со цел да биде легално и ефективно, лобирање мора да биде транспарентно, сите сомневања за злоупотреби и нелегално работење на двете страни во процесот на лобирање треба да се намалат.

Сепак, ова е исклучително чуствителна област бидејки многу малку треба за да едно лобирање премине во корупција, затоа треба механизми како за контрола на лобистите, така и за надзор над лобираните.

Незаконското лобирање директно води кон корупција во политиката, во процесот на носење на одлуки, што придонесува за доминација на поединечниот интерес над општиот. На тој начин се повредуваат серија на начела, и тоа: начелото на законитост, на еднаквост на граѓаните, на јавниот интерес, почитување на правата на граѓаните, или генерално, повреда на владеењето на правото и правната сигурност. Ваквата последичност ги руши темелите на демократско заснованото општество и создава простор за правна дисфункционалност.

Научен допринос на трудот: централен фокус на трудот е правење на разлика помеѓу законско лобирање и корупција. Во трудот се презентирани повеќе случаи на злоупотреба на лобирањето и навлегување во корупција преку користење на лица на одлучувачки позиции во тој момент. Во главно примерите се од САД, Велика Британија и ЕУ, каде што лобирањето и е најмногу застапено. Во трудот се истакнуваат и разликите во регулирањето на лобирањето, од темелно регулирано до воопшто не регулирано, односно немање закон за оваа проблематика. Всушност преку овој труд се отвараат бројни дилеми

за македонските теоретичари и практичари за навремено преземање на мерки за намалување на ризиците.

Личен допринос на авторот/кандидатот: авторот/кандидатот има широки познавања на антикорупциската регулатива и има спроведувано обуки за правилна имплементавија на законот за лобирање. Покрај тоа како експерт од антикорупциска област често бил и консултиран за прашања околу спроведување на законските одредби за лобирање, но и подзаконските акти кои произлегуваат од законот.

### 2.4. Останати научни трудови објавени во Меѓународни научни списанија и во други публикации

1. Gjorgi Slamkov, „**Corruption and its suppression**" (Collection of articles), LAP Lambert Academic Publishing (2022), ISBN 978-620-4-98552-7, Book,

2. Ѓорги Сламков, „**Нови механизми за јакнење на ефикасноста во борбата против корупцијата**", Монографија: Улога на иновациите како развоен двигател, Европски универзитет Република Македонија, Скопје 2019, стр. 110 – 119,

3. Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski, „**Institutional approach in the fight against corruption - Anti-Corruption Bodies**", International refereed scientific journal „Vision",Vision University, Volume 4, Issue 1, 2019, p. 17 – 43, ISSN: 2545-4323, ISSN:2545-4331,

4. Gjorgi Slamkov, „**New trends in criminal law – Rise of cybercrime**", International refereed scientific journal „Vision" Gostivar, volume 3, issue 2, December 2018, p. 107 – 123,

5. Gjorgi Slamkov, „**Sanctioning the violation of the right to free access to public information and its character in a tool in the fight against corruption**", International refereed scientific journal „Vision", Vision University, Volume 2, Issue 1, 2017, p. 103 – 113, ISSN: 2545-4323, ISSN: 2545-4331,

6. Gjorgi Slamkov, „**Regulatory structure, challenges and expectations of the Probation Service of the Republic of Macedonia**", International refereed scientific journal „Vision" Gostivar, volume 1, issue 1 September 2016, p. 100 – 114,

7. Gjorgi Slamkov, Arta Bilalli Zendeli, „**Prevention of Corruption - Improving the efficiency in the monitoring of the assets**", International magazine for social sciences "VIZIONE " Skopje, no.25 (2016), p. 183 – 190, ISSN: 1409-8962 (printed form), ISSN: 1857-9221 (electronic form),

8. Gjorgi Slamkov, Arta Bilalli Zendeli, „**Harmonization of the Penal Policy – A Challenge to the Criminal Theory and Practice**“, International magazine for social sciences “VIZIONE “ Skopje, no.25 (2016), p. 99 – 109, ISSN: 1409-8962 (printed form), ISSN: 1857-9221 (electronic form)

9. Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski „**Anti-corruption methods in Republic of Macedonia neighbour countries, members of the European Union (Bulgaria, Greece, Croatia)**“, International peer-reviewed journal of scientific research „HIKMET“ no. 26 (2015), coauthor, p. 69-82,

10. Gjorgi Slamkov, Zoran Filipovski „**Features and procedural characteristics of the European Arrest Warrant („Balkan“ warrant of arrest as the idea)**“, International magazine for social sciences “VIZIONE“ Skopje, no.24 (2015), coauthor, p. 243 – 251, ISSN: 1409- 8962 (printed form), ISSN: 1857-9221 (electronic form)

11. Gjorgi Slamkov „**Registry of officials – an essential tool in preventing corruption**“, International scientific congress - Icon best 2015, University of tourism and management Skopje p. 454 – 460 (2015)

12. Ѓорги Сламков, „**Судска ефикасност во справувањето со корупцијата за 2011 година“**, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“, 2012

13. Ѓорги Сламков, „**Судска ефикасност во справувањето со корупцијата за 2010 година**“, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“, 2011

14. Ѓорги Сламков, **„Егзогени фактори за појава на малолетничката деликвенција“**, Меѓународна конференција „Европски пат кон иднината„ Европски универзитет - Скопје, Annual review, no. 3 (2011), p. 571 – 585

15. Gjorgi Slamkov „**The role of the State Commission for Prevention of Corruption in Implementing the Council of Europe's Criminal Law Convention**“, Crossroads The Macedonian Foreign Policy Journal Vol.II. No.3, 2010

16. Ѓорги Сламков, „**Човековите слободи и права и ефикасноста на полицијата“**, Европски универзитет - Скопје, Зборник на трудови (2009), стр. 367 – 379

17. Ѓорги Сламков, „**Меѓународниот кривичен суд како постојан суд за судење на најтешките меѓународни кривични дела**“, Македонска ревија за казнено право и криминологија, бр. 1. 2009

18. Ѓорги Сламков, **Зошто е потребно создавање Пробациска служба на Република Македонија?** Македонска ревија за казнено право и криминологија бр.1/2008,

19. Ѓорги Сламков, „**Примена на условната осуда со заштитен надзор во Република Македонија**“, 2006 година, Годишник на Полициска академија бр.1/2006

20. Ѓорги Сламков, „**Општокорисната работа како алтернативна санкција**“, Зборник на одбранети докторати и магистратури, Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ Скопје, 2006

## 2.5. Публикувани универзитетски учебници

1) д-р Ѓорги Сламков, **Казнено процесно право,** Европски универзитет – Република Македонија, **учебник**, Скопје, 2008

„Казнено процесно право“ Европски Универзитет – Република Македонија , 2008 година, автор, учебник (се обработува казнената постапка, преку 6 делови, односно Општ дел (со основни принципи, поими, историјат, како и извори на правото), Објекти и субјекти на казнената постапка, Процесни дејствија во казнената постапка, Тек на казнената постапка (централен дел со предистражна постапка, истрага, обвинување и главен претрес), Правни лекови (редовни и вонредни лекови) и Посебни постапки).

2) д-р Ѓорги Сламков, **Казнено право – општ дел,** Европски универзитет-Република Македонија, **учебник**, Скопје, 2009

„Казнено право – општ дел“ Европски Универзитет – Република Македонија, 2009 година, автор, учебник (се обработува материјалното казнено право, преку 3 дела, односно Увод во казненото право (начело на законитост, важење на македонското казнено право, историјат), Казнено дело и казнена одговорност (објективни и субјективни гледишта за суштинските поими на материјата, како и за основите за нивно исклучување, од двата аспекти), Казнени санкции (се анализира системот на санкции, т.е., казнениот систем, системот на алтернативни мерки, на воспитните мерки, на мерките за безбедност, како и на санкциите спрема правни лица).

3) д-р Ѓорги Сламков, д-р Зоран Филиповски, **Меѓународно казнено право**, Европски универзитет – Република Македонија, **авторизирани предавања**, Скопје, 2010

„Меѓународно казнено право“, Европски Универзитет – Република Македонија, 2010 година, коавторство, авторизирани предавања (обработка на најзначајните поими и институти од областа која секојдневно добива се поголемо значење, одниосно, поими, историјат, меѓународни казнени дела, основни принципи, облици на меѓународна кривично-правна помош, меѓународни кривични судови).

## 3. ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Рецензионата комисија ги потенцира проектните активности на авторот кои имаат особен придонес за развојот на науката и општествениот развој:

- "Public Legal Education on Whistleblowing and Whistleblower Protection" Lucid Linx, Сараево, 2022,
- „Развој на Пробациска служба во Република Македонија", Правна анализа за измени и дополнувања на законската регулатива со цел создавање и развој на Пробациска служба на Република Македонија, во својство на експерт, носител на проектот Министерство за правда, 2013,
- „Support to efficient prevention and fight against corruption", твининг проект помеѓу Државна комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) и Сојузната служба за администрација на СР Германија (BVA), 2014 – 2015, во својство на член,
- Судска ефикасност во справувањето со корупцијата за 2011 година, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", 2012 година, во својство на експерт
- Судска ефикасност во справувањето со корупцијата за 2010 година, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", 2011 година, во својство на експерт,

## 4. КОНФЕРЕНЦИИ И СЕМИНАРИ

Кандидатот има учествувано на поголем број на конференции и семинари во земјата и странство, при што како позначајни се истакнуваат следните:

- Меѓународна конференција Охридски Конгрес на правото 2022, „Положба на судиите на Балканот и нивната институционална и лична независност", 13 -16 Октомври 2022, Охрид,

- Меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во функција на одржливо општество" Европски универзитет, 23.09.2022 година, Скопје

- Меѓународна научна конференција „Науката и уметноста во услови на пандемија“ Европски универзитет, 24.09.2021 година, Скопје

- Меѓународна научна конференција „Патот кон успехот – иновација, интеракција, имплементација“ Европски универзитет, 25.09.2020 година, Скопје

- Меѓународна научна конференција „Новите парадигми на инклузивното општество“ Европски универзитет, 27.09.2019 година, Скопје

- “Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – досегашни искуства од примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“, КОМСПИ – ОБСЕ, 28.09.2017 Скопје

- „Подигање на свеста за правото за слободен пристап до информации од јавен карактер“, КОМСПИ – ДЕУ, 08.06.2017 Скопје

- Интеракција на слободниот пристап до информациите со личните податоци и класифицираните информации“, КОМСПИ – ДЕУ, 30.11.2016 Скопје

- Конференција „Алтернативи на казната затвор: Општокорисна работа и останати алтернативни мерки – Закон за пробација“ Здружение на јавните обвинители на Република Македонија, Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ и ИНЛ при Амбасада на САД во Република Македонија, Јуни 2016, Струга

- International scientific congress - Icon best 2015, „Economic analysis of global trends in tourism, finance, education and management“, University of tourism and management - Skopje, October 2015 Skopje,

- Меѓународна конференција „Investigation and Prosecution of Corruption: Foreign Bribery, Liability of Legal Persons“, OECD, Anti-Corruption Network for Eastern Europe and Central Asia (ACN), December 2014, Paris,

- Меѓународна конференција „Judicial ethics and Prevention and Prosecution of corruption“ Јули 2014, Охрид,

- Меѓународна конференција „The fight against corruption: International standards and national experiences“ July 2014, Baku,

- “Активности за интезивирање на имплементацијата на мерките за спречување на корупција и судир на интереси во Политичкиот сектор” ДКСК – ОБСЕ, Јуни 2013 година, Скопје,

- “Активности за интезивирање на имплементацијата на мерките за спречување на корупција и судир на интереси во Приватниот сектор”, ДКСК – ОБСЕ, Мај 2013 година, Скопје

- Семинар "Јакнење на локалната самоуправа - мерки за спречување на корупција " Октомври 2013 година, Скопје,

- Меѓународна конференција „Добри практики и предизвици во финансирањето на политичките партии и во финансирањето на изборните кампањи“ Октомври 2013 година, Скопје,

- Регионална конференција "Утврдување и решавање на ризиците од корупција на локално ниво " Октомври 2013 година, Скопје,

- Меѓународната конференција „Превенција на корупцијата: имплементација на планови на интегритет“, Јуни 2013 година, Подгорица

- Меѓународна конференција „Борба против корупцијата – Интегративна спрега од домашни и меѓународни активности“,излагање на тема „Финансирање на политичките партии“, Октомври 2010 година, Охрид,

## 5. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Откако направивме увид во севкупното научно, научно-стручно и стручно творештво на д-р Ѓорги Сламков, увид во одбранетите и објавени трудови, увид во биографските податоци и наставната ангажираност, како и врз основа на лично познавање на кандидатот, ние како Комисија заклучивме дека:

Согласно Законот за високото образование и Статутот на Европскиот Универзитет – Скопје, а врз основа на покажаните резултати во наставно-образовната, научно-истражувачката и апликативната дејност кандидатот д-р Ѓорги Сламков ги исполнува

законските услови за избор во звање редовен професор во наставно-научната област Казнено право.

Земајќи ги во предвид сите горенаведени заклучоци, Рецензионата комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки при Европскиот Универзитет -Скопје да **му предложи да го прифати овој Извештај и д-р Ѓорги Сламков да го избере во наставно-научно звање Редовен професор во наставно-научната област Казнено право.**

**Рецензентска комисија**:

1. **Редовен проф. д-р Африм Османи - Претседател**

   ---------------------------------------------------

2. **Редовен проф. д-р Трајко Витанов - Член**

   ---------------------------------------------------

3. **Редовен проф д-р Зоран Филиповски – Член**

   ---------------------------------------------------